**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број УП1 11-240**
**21.11.2021 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 148 став 3 од Изборниот Законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019, 42/2020, 74/2021 и 215/21) и Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија, со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, член 66 став 1 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на Република Северна Македонија во состав: Александар Даштевски, претседател, Дитмире Шеху потпретседател и членовите: Борис Кондарко, Радица Ристеска, Оливер Ристовски, Кренар Лога и Бобан Стојаноски, постапувајќи по поднесениот приговор број **УП1 11-240** од 16.11.2021 година, на седницата одржана на **18.11.2021** година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот со број **УП1 11-240** од 16.11.2021 година поднесен од подносителот на листа на кандидат Коалиција АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА преку овластениот претставник Самир Ракипи, за постапката за сумирање и утврдување на резултати на Избирачки места **0536, 0541, 0545, 0547 и 0547/1** во Општина Дебар, **СЕ ОДБИВА**.

Резултатите од спроведеното гласање на наведените Избирачки места, по кандидатски листи за градоначалник на општината, **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 16.11.2021 година во 16:30 часот, подносителот на листа на кандидат Коалиција АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА, преку овластениот претставник Самир Ракипи, поднесе приговор заведен под број **УП1 11-240**, за сторени неправилности во постапката за сумирање и утврдување на резултати од спроведеното гласање во втор изборен круг за изборот за градоначалник на општината на Избирачки места **0536, 0541, 0545, 0547 и 0547/1 во Општина Дебар**.

Во поднесениот приговор подносителот наведува дека на **избирачките места 0536, 0541, 0545, 0547 и 0547/1 во Општина Дебар** била направена повреда на постапката и Изборниот законик на начин што записниците 16б во делот 4 претрпеле суштински промени во просториите на општинската изборна комисија Дебар во присуство на претседателите на избирачките одбори, а без присуство на останатите членови и притоа не биле наведени причините за ваквите промени како што е предвидено во Упатството на општинските изборни комисии и изборната комисија на град Скопје за обезбедување, чување, ракување и дистрибуција на изборниот материјал од член 16 точка А и Б, односно не бил пополнет образец број 20 во кој претседателот бил должен да ги наведе причините за поправање. Забелешки во записник 16б не се поднесени бидејќи корекциите биле направени во просториите на ОИК Дебар. Поради наведеното бара да се поништи гласањето на наведеното избирачко место.

Државната изборна комисија на својата седница, одржана на ден 18.11.2021 година, постапувајќи по овој приговор утврди дека согласно Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, приговорот ги исполнува формалните услови за да може да се постапува по него.

На одржаната седница на ден 18.11.2021 година наводите од предметниот приговор беа образложени и од страна на овластениот претставник на подносителот на приговорот, кој нагласи дека останува на наводите од поднесениот приговор и дадениот предлог за поништување на гласањето на наведените избирачки места.

Државната изборна комисија на седницата одржана на ден 18.11.2021 година постапувајќи по Приговорот на подносителот на листа на кандидат Коалиција АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА, поднесен преку овластениот претставник Самир Ракипи, со број УП1 11-240 од 16.11.2021 година, за повреда на постапката за сумирање и утврдување на резултати за избирачките места 0536, 0541, 0545, 0547 и 0547/1 во Општина Дебар, изврши увид во изборниот материјал за избирачките места број 0536, 0541, 0547 и 0547/1 во општина Дебар. Државната изборна комисија увидот во изборниот материјал за наведените избирачки места каде гласањето се спровело на начин утврден согласно член 108-а став 6 од Изборниот законик го изврши согласно член 147 став 10 од Изборниот законик по барање на членот на Државната изборна комисија Кренар Лога.

За избирачкото место 0545 општина Дебар, Државната изборна комисија утврди дека не се исполнети условите од член 147 став 10 од Изборниот законик за вршење на увид во целокупниот избирачки материјал, бидејќи не е гласано во пропишаниот процент од запишаните избирачи во избирачкиот список за ова избирачко место на начин утврден согласно член 108-а став 6 од Изборниот законик, по барањето на членот на Државната изборна комисија Кренар Лога, а наводите во приговорот се неосновани и без влијание за поинакво одлучување за предметното гласачко место.

Државната изборна комисија од извршениот увид во доверливиот изборен материјал за избирачките места број 0536, 0541, 0547 и 0547/1 во општина Дебар го утврди следното:

**За избирачкото место 0536** општина Дебар, Државната изборна комисија изврши увид во оригиналниот записник број 16б, изврши пребројување на потписите во основниот и посебниот извод од избирачкиот список, како и пребројување на гласачките ливчиња (важечки, неважечки и неупотребени).

Од увидот во горенаведените докази се утврди дека бројот на потпишани гласачи во изводот од избирачкиот список не се совпаѓа со бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија односно во гласачката кутија се наоѓаат 433 гласачки ливчиња додека бројот на избирачи кои гласале и се потпишале во изводот од избирачкиот список изнесува 434. Во однос на податоците од сумирањето се утврди дека нема било какви несовпаѓања во однос на употребените гласачки ливчиња и бројот на важечките и неважечките гласачки ливчиња односно бројот на важечки гласачки ливчиња изнесува 421, на неважечки гласачки ливчиња изнесува 12 или вкупно биле искористени 433 гласачки ливчиња (421 + 12 = 433).

Горенаведената фактичка состојба за избирачкото место 0536 беше утврдена со увидот во целокупниот доверлив изборен материјал како и со увид во извештајот од Уредот за биометриска идентификација на гласачите од страна на членовите на Државната изборна комисија поради што Државната изборна комисија со мнозинство гласови (со 6 гласа) оцени дека податоците и резултатите од записникот бр.16б соодветствуваат на фактичката состојба од извршениот увид во доверливиот изборен материјал, а во однос на наведениот недостаток на гласачко ливче се утврди дека не претставува основ за поништување на гласањето на наведеното избирачко место согласно член 151 став 1 од Изборниот законик, а со ваквиот став не се согласи членот на Државната изборна комисија Кренар Лога.

Поради горенаведеното, Државната изборна комисија со мнозинство гласови од членовите оцени дека наводите на подносителот на приговорот се неосновани и не се во согласност со утврдената фактичка состојба од извршениот увид во доверливиот изборен материјал.

**За избирачкото место 0541** општина Дебар, Државната изборна комисија изврши увид во оригиналниот записник број 16б, изврши пребројување на потписите во основниот и посебниот извод од избирачкиот список, како и пребројување на гласачките ливчиња (важечки, неважечки и неупотребени).

Од увидот во горенаведените докази се утврди дека бројот на потпишани гласачи во изводот од избирачкиот список се совпаѓа со бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија односно во гласачката кутија се наоѓаат 368 гласачки ливчиња додека бројот на избирачи кои гласале и се потпишале во изводот од избирачкиот список изнесува 368. Во однос на податоците од сумирањето се утврди дека нема било какви несовпаѓања во однос на употребените гласачки ливчиња и бројот на важечките и неважечките гласачки ливчиња односно бројот на важечки гласачки ливчиња изнесува 356, на неважечки гласачки ливчиња изнесува 12 или вкупно биле искористени 368 гласачки ливчиња (356 + 12 = 368).

Горенаведената фактичка состојба за избирачкото место 0541 беше утврдена со увидот во целокупниот доверлив изборен материјал како и со увид во извештајот од Уредот за биометриска идентификација на гласачите од страна на членовите на Државната изборна комисија поради што Државната изборна комисија едногласно (со 7 гласа) оцени дека податоците и резултатите од записникот бр.16б соодветствуваат на фактичката состојба од извршениот увид во доверливиот изборен материјал.

**За избирачкото место 0547** општина Дебар, Државната изборна комисија изврши увид во оригиналниот записник број 16б, изврши пребројување на потписите во основниот и посебниот извод од избирачкиот список, како и пребројување на гласачките ливчиња (важечки, неважечки и неупотребени).

Од увидот во горенаведените докази се утврди дека бројот на потпишани гласачи во изводот од избирачкиот список се совпаѓа со бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија односно во гласачката кутија се наоѓаат 213 гласачки ливчиња додека бројот на избирачи кои гласале и се потпишале во изводот од избирачкиот список изнесува 213. Во однос на податоците од сумирањето се утврди дека нема било какви несовпаѓања во однос на употребените гласачки ливчиња и бројот на важечките и неважечките гласачки ливчиња односно бројот на важечки гласачки ливчиња изнесува 209, на неважечки гласачки ливчиња изнесува 4 или вкупно биле искористени 213 гласачки ливчиња (209 + 4 = 213).

Горенаведената фактичка состојба за избирачкото место 0547 беше утврдена со увидот во целокупниот доверлив изборен материјал како и со увид во извештајот од Уредот за биометриска идентификација на гласачите од страна на членовите на Државната изборна комисија поради што Државната изборна комисија едногласно (со 7 гласа) оцени дека податоците и резултатите од записникот бр.16б соодветствуваат на фактичката состојба од извршениот увид во доверливиот изборен материјал.

**За избирачкото место 0547/1** општина Дебар, Државната изборна комисија изврши увид во оригиналниот записник број 16б, изврши пребројување на потписите во основниот и посебниот извод од избирачкиот список, како и пребројување на гласачките ливчиња (важечки, неважечки и неупотребени).

Од увидот во горенаведените докази се утврди дека бројот на потпишани гласачи во изводот од избирачкиот список се совпаѓа со бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија односно во гласачката кутија се наоѓаат 270 гласачки ливчиња додека бројот на избирачи кои гласале и се потпишале во изводот од избирачкиот список изнесува 270. Во однос на податоците од сумирањето се утврди дека нема било какви несовпаѓања во однос на употребените гласачки ливчиња и бројот на важечките и неважечките гласачки ливчиња односно бројот на важечки гласачки ливчиња изнесува 265, на неважечки гласачки ливчиња изнесува 5 или вкупно биле искористени 270 гласачки ливчиња (265 + 5 = 270).

Горенаведената фактичка состојба за избирачкото место 0547/1 беше утврдена со увидот во целокупниот доверлив изборен материјал како и со увид во извештајот од Уредот за биометриска идентификација на гласачите од страна на членовите на Државната изборна комисија поради што Државната изборна комисија едногласно (со 7 гласа) оцени дека податоците и резултатите од записникот бр.16б соодветствуваат на фактичката состојба од извршениот увид во доверливиот изборен материјал.

Имајќи го предвид напред наведеното, Државната изборна комисија утврди дека поднесениот приговор за постапката за сумирање и утврдување на резултати на Избирачките места **0536, 0541, 0545, 0547 и 0547/1** во Општина Дебар е неоснован, поради што врз основа на член 147-а став (1) од Изборниот законик, Државната изборна комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение имате право на тужба до Управен суд на Република Северна Македонија преку Државна изборна комисија во рок од 24 часа од приемот на решението.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.д-р Александар Даштевски**